# ЗНМ и ССНМ: Враќање на одземениот буџет за нормално функционирање на МИА

December 27, 2022 14:32 in ДЕНЕС, МЕДИУМИ

ДОМА ДЕНЕС ПОЛИТИКА ФРОНТ ОПШТЕСТВО СВЕТ ЕКОНОМИЈА МОЗАИК




Share on Facebook Share on Twitter

дописништва на МИА, кои што се првиот филтер и алатка во борбата против дезинформациите, беше побарано денеска на прес-конференцијата на Здружението на новинари (ЗНМ) и Самостојниот синдикат на новинарите (ССНМ) посветена на финансиската состојба на државната агенција.

Претседателот на ЗНМ Младен Чадиковски подвлече дека потребна е итна поддршка во напорите да се изнајде решение за непречено функционирање на странските дописништва на МИА и наместо затворање на постоечките дописништва потребно е уште посилна мрежа на дописници, кои ќе работат во интерес на јавноста и во придонес на медиумскиот плурализам за прашања од јавен интерес за граѓаните.

-МИА како генератор на вести и информативен сервис на граѓаните, треба да биде првиот филтер на информации за широката јавност и клучна алатка за борба против дезинформациите кои претставуваат се поголем проблем посебно во ерата на дигиталните медиуми. Затоа е нужно МИА да има силна дописничка мрежа не само во Македонија туку и од важните центри на случувања во светот и на Балканот.

Чадиковски рече дека со укинување на дописната мрежа на МИА од Брисел, Вашингтон и Атина директно се влијае и на нарушување на професионалните стандарди на новинарите, со што се губи објективноста при информирањето, се појавува ризик од непроверени, а со тоа и неточни информации.

-На крајот жртви ќе бидат граѓаните и јавниот интерес, зошто единствен канал за информирање од овие земји ќе бидат странските канали, затоа Владата нужно е да има разбирање за овој проблем и итно да реагира со цел да се превенира штета, затоа бараме веднаш враќање на парите потребни за нормално функционирање на МИА.

Чадиковски подвлече дека е потребен и нов закон за МИА и оти ЗНМ, во своите редовни анализи кои ги изработува и кои се јавно достапни, пред речиси две години констатира дека законското решение кое се однесува на МИА е лошо и дека лесно може да се влијае на финансиската состојба на оваа агенција што и беше мотив за оваа денешна прес-конференција.

реизборот на директорот, односно на главниот и одговорен уредник и на членовите на Надзорниот одбор, а со тоа и влијание врз изборот на членовите на Управниот одбор. Тоа потенцијално значи дека Владата би можела да има влијание и врз уредувачката политика на медиумот посебно кога и Владата може да одлучи кога и колку пари ќе даде на МИА, како што е сегашниот случај, рече Чадиковски.

ЗНМ, додаде тој, е на ставот дека најсоодветен начин на организација на МИА е по примерот на јавниот сервис Македонската радио-телевизија, чиј основач и надлежна институција пред која полага одговорност е Собранието и оти во таа насока потребни се законски измени со кои ќе се гарантира дека владата нема да има влијание во изборот на менаџментот во МИА, а истовремено ќе се обезбеди модел со кој ќе се гарантира финансиската независност во работата на оваа агенција, која во моментов е под капа на Владата, а треба да биде државна.


## НАЈНОВО



Верешчук: Русија подготвува нов бран на насилна депортација на Украинците, тоа е чин на геноцид

JANUARY 12, 2023